## Информации и поддршка за малопродажните бизниси

Општина Витлси ги цени многуте малопродажни бизниси кои работат низ општината и има посветен службеник во Центарот за активности за малопродажба за да обезбеди бесплатна деловна поддршка и помош.

За да имате доверлива дискусија за тоа како Општина Витлси може да го поддржи вашиот бизнис, ве молиме контактирајте го нашиот службеник во Центарот за активности за малопродажба на **business@whittlesea.vic.gov.au**

За сите општи работи кои се однесуваат на пешачки патеки, ѓубре, патишта и градини, ве молиме пратете електронска порака до општината на **info@whittlesea.vic.gov.au** или јавете се на **9217 2170.**

## Електронски бизнис билтен

Билтенот е електронски и секој месец се испраќа директно на вашата електронска пошта.

Електронски билтен ги содржи најновите вести, информации и врски релевантни за бизнисот

- Владини ажурирања
- Претстојни настани и можности за вмрежување
- Иницијативи на Општината
- Можности за образование и обука
- Достапни услуги за поддршка, вклучително и деловно менторство
- Грантови и стимулации
- Локални деловни профили

Пријавете се бесплатно за да бидете информирани за можностите за деловна поддршка. Претплатете се на **whittlesea.vic.gov.au/BusinessNetwork**

## Друга поддршка и информации

Владите на Викторија и Австралија имаат низа алатки и програми за поддршка направени специјално за деловната заедница.

За да ја добиете најновата поддршка достапна за вашиот бизнис, скенирајте ги QR кодовите.

**Бизнис Викторија**

**Одделение за работни места, области и региони**

**Викторијска комисија за мал бизнис**

**Worksafe Викторија**

**Австралиско здружение на трговци на мало**

**Одржливост Викторија**

## Полицијата на Викторија

Можете да се јавите на линијата за помош од полицијата на 131 444 за да пријавите кривични дела и настани кои не се итни.

Примери за злосторства и настани кои не се итни вклучуваат:

- Кражба, вклучително и во комерцијален имот или дом во кој нема присутни станари
- Општа кражба (вклучувајќи кражба на моторно возило)
- Штета на имотот
- Загубен имот
- Општи прашања.

Зачувајте го бројот **131 444** на контактите на телефонот за да пријавите злосторства во иднина кои не се итни.

Ако сте во опасност и треба да пријавите кривично дело кое е во тек или за итно присуство на полицијата, јавете се на Triple Zero (**000**).

Телефонска услуга за преведувач: Ако зборувате јазик различен од англискиот, јавете ни се на **131 450**




# Поддршка и информации за малопродажните бизниси

City of Whittlesea

## Кога е потребна дозвола?

Дали сакате да нудите јадење на отворено, тргување на пешачки патеки, да поставите знаци или да направите структурни измени во просториите на вашата продавница?

Можеби ќе ви треба дозвола, затоа ве молиме проверете кај општината со електронска порака на

@ **business.concierge@whittlesea.vic.gov.au**

Нашата деловна помош е бесплатна услуга што ја нуди општината за да ги води и да им помогне на сопствениците на бизниси низ процесот на добивање на правилна дозвола за јадење на отворено, уредување продавници, знаци и бизниси поврзани со храна и здравје.

## Грантови

Општината одвреме навреме обезбедува грантови за поддршка на малите бизниси и заедницата.

За повеќе информации посетете ја веб страницата на Општина Витлси **whittlesea.vic.gov.au/BusinessGrant**

## Ресурси и поддршка за образование и обука

Ако сакате да стекнете нови вештини за вашиот бизнис, можете да погледнете голем избор на едукативни снимки на каналот на општината на YouTube.

Снимените вебинари опфаќаат теми како што се: онлајн вмрежување, управување со готовина, ментално здравје, деловно планирање, преговарање за олеснување на киријата, аплицирање за грантови, преместување на вашиот бизнис онлајн, континуитет на бизнисот и планирање на ризик.

## Одржување на малопродажните места чисти

Дали имате добиено од општината канта за ѓубре или за преработка за вашиот бизнис?

Работи што треба да ги знаете за вашата канта за ѓубре и за преработка

- Кантите за ѓубре и за преработка мора да се чуваат во чиста состојба во просториите кога не се оставени за собирање
- Општинските канти може да се остават за собирање после 4 часот попладне еден ден пред собирањето и мора да се отстранат истиот ден кога се собрани
- Сопствениците на бизниси во кантата за ѓубре смеат да ставаат само ѓубре што е направено од бизнисот
- Сопствениците на бизниси мора да ставаат само предмети за преработка во општинската канта за преработка- можете да проверите што е дозволено да се става во кантата за преработка на веб страницата на општината
- Ставете ги празните предмети што може да се преработат слободно во кантата за преработка, не ги ставајте во пластични кеси
- Не ставајте предмети што се опасни, запаливи, експлозивни во канти, вклучително и батерии и цилиндри со гас
- Не ставајте ништо во кантата што го спречува затворањето на капакот
- Вашата канта кога ќе се собере не смее да тежи повеќе од 50 килограми.

Ве молиме контактирајте ја општината за помош во намалувањето и отстранувањето на отпадот, материјалите што може да се преработат и другите предмети на одговорен начин.

Водичот А до Ш за отпад и преработка ќе ви помогне да го одредите најдобриот начин за отстранување на несаканите предмети и лесно да идентификувате кои предмети може да се преработат или поправат.

## Деловна мрежа на
# Општина Витлси

Деловната мрежа на Општина Витлси е програма заснована на членство отворена за сите бизниси кои работат во општина Витлси.

Членовите можат да уживаат во низа поволности

- Настани за вмрежување
- Специфична обука и програми за индустријата
- Пристап до менторство
- Онлајн бизнис оглас

## Деловно менторство и совети

Општина Витлси, заедно со Службата за менторство за мали бизниси, нуди бесплатни деловни менторски сесии за поддршка на бизнисите лоцирани во општина Витлси.

Менторството е достапно на повеќе јазици.

Менторските сесии за мали бизниси обезбедуваат општи деловни информации поединечно и можат да ви помогнат во чекорите што треба да ги преземете за да го надминете проблемот или јазот во информациите. Закажувањето може да се направи преку телефон, онлајн или лично по потреба.

За да го резервирате вашиот термин, посетете **sbms.org.au/events**